Во согласност со одредбите од член 24 од Законот за здруженија и фондациите („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016), во согласност со одредбите од член од член 22 и член 27 од Статутот на Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија, со ЕМБС 5134978 (во понатамошниот текст: „**Федерацијата**“), како и во согласност со Одлуката за свикување на седница на редовното собрание на Федерацијата од 02.06.2023 година, претседателот на Управниот одбор на Федерацијата, на 03.06.2023 година упатува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

за присуство на седница на редовно собрание на Федерацијата

По пат на овој јавен повик се покануваат членовите на Федерацијата да присуствуваат и да учествуваат во работата на седницата на редовното собрание на Федерацијата, кое е закажано за 11.06.2023 година, со почеток во 12.00 часот, во просториите на хотел Ловен Дом во Берово (во понатамошниот текст: „**Редовно Собрание**“), со следниот предлог

ДНЕВЕН РЕД:

I. **Процедурален дел**

1. Избор на работно претседателство,
2. Избор на Верификациона комисија,
3. Утврдување на кворум за работа на седницата на Редовното Собрание;
4. Избор на записничар на седницата на Редовното Собрание; и
5. Избор на двајца заверувачи на потписи на седницата на Редовното Собрание.

II. **Оперативен дел**

1. Усвојување на записник од претходно собрание,
2. Одобрување на Годишна сметка од работењето на ППФСМ за 2022 година,
3. Одобрување на Финансиски извештај за 2022 година,
4. Разно

Според член 19 од статутот на ППФСМ, секој активен клуб член на ППФСМ, кој поседува решение за вршење дејност спорт има право на по еден делегат на Изборното собрание. Материјалите од точките на дневниот ред ќе бидат испратени до сите членки на нивните официјално регистрирани е-маил адреси. Потребно е од секој член да биде пополнето полномошното, дадено во прилог, со име и презиме на делегатот кој ќе го застапува клубот на Редовното собрание.

Ве молиме за задолжитело присуство на седницата на Редовното Собрание.

**Претседател на Управниот одбор**, Скопје, 03.06.2023 година
Горан Тиловски